ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
А.бр.122/23-1 06.02.2024 година
П р и л е п
МИ

Врз основа на член 37 ст.1 од Законот за јавнообвинителска служба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.62/15, бр.231/15, бр.11/16, бр.21/18 и бр.235/22) Основниот јавен обвинител на ОЈО Прилеп, донесе:

## ОДЛУКА
## за избор на кандидат по јавен оглас

1. По јавниот оглас број 1/2023 од 18.12.2023 година за вработување на јавнообвинителски службеник во **Основно јавно обвинителство Прилеп** за работно место **Виш јавнообвинителски соработник за казнено право - 1 извршител**, врз основа на Предлог на кандидати од Комисијата за селекција за вработување се избира:

**Кирил Кочоски**

2. Вработувањето на избраниот кандидат од точката 1 на оваа Одлука ќе се изврши по завршувањето на постапката и конечноста на Одлуката.

**Образложение**

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на ден 18.12.2023 година во дневните весници „Вечер“, „Нова Македонија“ и „Коха“ објави јавен оглас 1/2023 за потполнување на работно место Виш јавнообвинителски соработник за казнено право - 1 извршител во Основно јавно обвинителство Прилеп.

По спроведената постапка за селекција за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, врз основа на Предлог на кандидати за вработување, Основниот јавен обвинител изврши избор на кандидат како во диспозитивот на оваа Одлука.

Во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, ќе донесе решение за вработување на јавнообвинителски службеник на неопределено време.

Оваа одлука за избор се објавува на веб страната и на огласната табла на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

ОСНОВЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ
Марјана Илиеска

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба преку Јавното обвинителство за чии потреби е објавен јавниот оглас, до Советот на јавнообвинителска служба во рок од осум дена на приемот на писменото известување за извршениот избор.

ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
А.бр.122/23-2 06.02.2024 година
П р и л е п
МИ

Врз основа на член 37 ст.1 од Законот за јавнообвинителска служба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.62/15, бр.231/15, бр.11/16, бр.21/18 и бр.235/22) Основниот јавен обвинител на ОЈО Прилеп, донесе:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по јавен оглас**

1. По јавниот оглас број 1/2023 од 18.12.2023 година за вработување на јавнообвинителски службеник во **Основно јавно обвинителство Прилеп** за работно место **Стручен јавнообвинителски соработник за казнено право - 1 извршител**, врз основа на Предлог на кандидат од Комисијата за селекција за вработување се избира:

**Михаела Стојаноска**

2. Вработувањето на избраниот кандидат од точката 1 на оваа Одлука ќе се изврши по завршувањето на постапката и конечноста на Одлуката.

**Образложение**

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на ден 18.12.2023 година во дневните весници „Вечер“, „Нова Македонија“ и „Коха“ објави јавен оглас 1/2023 за потполнување на работно место Стручен јавнообвинителски соработник за казнено право - 2 извршители во Основно јавно обвинителство Прилеп.

По спроведената постапка за селекција за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, врз основа на Предлог на кандидат за вработување, Основниот јавен обвинител изврши избор на кандидат како во диспозитивот на оваа Одлука.

Во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, ќе донесе решение за вработување на јавнообвинителски службеник на неопределено време.

Оваа одлука за избор се објавува на веб страната и на огласната табла на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

ОСНОВЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ
Марјана Илиеска

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба преку Јавното обвинителство за чии потреби е објавен јавниот оглас, до Советот на јавнообвинителска служба во рок од осум дена на приемот на писменото известување за извршениот избор.